Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) во согласност со Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08-24 од 17.02.2022 година), во врска со поднесеното барање бр. 02-312 од 18.01.2022 година од УНИС ТЕЛЕКОМ АД Мостар, преку полномошник Адвокат Александар Коцев од Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-312/5
09.03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

Се **ОДБИВА** барањето од УНИС ТЕЛЕКОМ АД Мостар, преку полномошник Адвокат Александар Коцев од Скопје за пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност согласно член 20, став (2) а врз основа член 6, став(1), точка 1 и точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не му се овозможува увид на барателот УНИС ТЕЛЕКОМ АД Мостар, преку полномошник Адвокат Александар Коцев од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација во форма увид и во форма на препис/фотокопија.

## Образложение

Барателот на информацијата - УНИС ТЕЛЕКОМ АД Мостар, преку полномошник Адвокат Александар Коцев од Скопје на ден 18.01.2022 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во :

- целокупната документација за објавениот тендер: Optical Loop: Lot 2 Telecommunication Equipment and Remote monitoring of Substation; ECEPP Tender Exercise ID 18478701, EBRD Projekt ID 44114, и
- увид во документите од извршената анализа од страна на АД МЕПСО, направеното истражување на пазарот за можни продавачи кои би можеле да ги задоволат барањата објавени во тендерската документација пред објавувањето на тендерот, и записниците од одржаните состаноци на тендерските комисии и останатите релевантни документи по однос на горе цитираниот тендер.

Информацијата ја бараа во форма увид и во форма на препис/фотокопија.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека за предметното барање треба да се спроведе тест за штетност согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност и добиениот одговор од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), која го финансира конкретниот проект, се дојде до следните заклучоци:

- Процесот на јавна набавка се одвива исклучиво преку порталот за е-набавки- ECEPP на ЕБОР и согласно тоа, се очекува целата кореспонденција со АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје како Клиент и сите Понудувачи да се врши преку системот ECEPP;

- Сите чекори, без исклучок, во процесот на набавка подлежат на претходна ревизија и на одобрување, т.н. “NO OBJECTION” од страна на ЕБОР;

- Информациите добиени во процесот на набавка, вклучително и информации доставени од потенцијалните понудувачи во фаза на претквалификација, понуди или детали за понудените цени (освен вкупната понудена цена) или евиденција за постапката во фаза на проверка и евалуација на понудите, согласно Политиката за информации од јавен карактер на ЕБОР (EBRD's Public Information Policy https://www.ebrd.com/documents/comms-and-bis/pdf-public-information-policy.pdf) **се третираат како информации и документација која е од доверлив карактер**

Врз основа на горенаведеното, имателот на информации донесе Решение (бр. 02-312/2 од 26.01.2022 год.) со кое Барањето за пристап до информации од јавен карактер беше одбиено.

Барателот на информација незадоволен од Решението, до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер поднесе жалба (бр. 02-08-24 од 03.02.2022 год.) и истата е доставена до Имателот на информациите на произнесување.

Имателот на информации на ден 11.02.2022 година до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер достави произнесување по жалбените наводи.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесе Решение (бр. 08-24 од 17.02.2022 година) со кое Жалбата на барателот се уважува, предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган а Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Во Решението се наведува дека *„имателот на информации не постапил целосно согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер...без да наведе по кој основ го одбива барањето...*

Постапувајќи согласно напатствијата содржани во Решението на Агенцијата, Имателот на информации од јавен карактер ги презема долунаведените чекори.

Имателот на информации од јавен карактер согласно укажаното повторно го спроведе тестот на штетност.

При спроведување на истиот, како основ беа земени: Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Политиката за информации од јавен карактер на Европската банка за обнова и развој, добиените одговори од Европската банка за обнова и развој, Законот за јавни набавки како и Законот за задолжување на АД МЕПСО со заем кај ЕБОР по договорот за заем по проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем без државна гаранција”.

При повторното спроведување на тестот за штетност, Имателот на информации повторно се обрати до Европската банка за обнова и развој, со барање за нејзино произнесување дали може и смее да се дадат бараните документи.

АД МЕПСО го доби следниот одговор од ЕБОР, цитираме:

***"The only disclosure in accordance with the Bank's policies is being done in ECEPP and on EBRD's procurement website under Notices. There UNIS have access to the Contract Award Notice explaining the details of the Contract awarded to Consortium Infosoft Systems DOO Skopje and Teri Engineering DOO Belgrade."***

***"In accordance with the Bank's Access to Information Policy, any details related to information submitted by prospective tenderers, tenders, proposals or price shall not be disclosed to anyone. It would otherwise be in breach of the Bank's Access to Information Policy".***

***Во превод:***

***„Единственото обелоденување во согласност со политиките на Банката се врши преку ECEPP и на веб-страницата за набавки на ЕБОР под Известувања.Таму УНИС има пристап до Известувањето за доделување Договор во кое се објаснети деталите за Договорот доделен на конзорциумот Infosoft Systems DOO Skopje и Teri Engineering DOO Belgrade".***

***"Во согласност со Политиката за пристап до информации од јавен карактер на Банката, сите детали поврзани со информации доставени од потенцијалните понудувачи, тендери, предлози или цени не треба да бидат откриени никому. Во спротивно, тоа би било прекршување на Политиката за пристап до информации од јавен карактер на Банката".***

Европската банка за обнова и развој исто така посочува дека до нив е пристигната жалба од УНИС која се адресира во согласност со Директивата за жалби за набавки и дека во догледно време фирмата ќе биде известена за одлуката на Банката. Единственото обелоденување на информации и документи што е дозволено во процесот на набавка, додава ЕБОР, е Известувањето за доделување договор што е достапно на **https://www.ebrd.com/work-with-us/procurement/project-procurement.html**.

Во прилог на ваквиот одговор (како и цитираниот одговор во претходното Решение, како и во воведот на ова Решение) е и точка 2 од Политиката за информации од јавен карактер на ЕБОР во која се прецизираат Исклучоците во откривање на информации од одреден тип кои како што пишува, **би можеле да им наштетат на одредени страни или интереси коишто би го надминале јавниот интерес.** Потточките 2.1 и 2.2 кои Ви ги пренесуваме во целост, се однесуваат на финансиски информации,информации дадени во доверба и информации поврзани со расправи и носење долуки:

Цитат:

*„2. Исклучоци во откривањето на информации*

*ЕБОР е посветена на отвореност и транспарентност. Меѓутоа, постојат случаи кадешто ќе биде потребно да се заштитат легитимните интереси на Банката, нејзините клиенти, кофинансиери, други договорни страни или јавноста, и* ***во тој случај откривањето на информации или документи не е можно. Исклучоците во откривање на информации се засновани на определбата на ЕБОР дека откривање на информации од одреден тип би можеле да им наштетат на одредени страни или***

**интереси коишто би го надминале јавниот интерес во откривањето.** *За да се заштитат такви одредени интереси, ќе се применуваат долунаведените исклучоци во откривањето на информации:*

*2.1. Информации поврзани со расправа и донесување на одлуки*

*Расправа, советување и донесување на одлука треба да бидат засновани на материјална информација и/или дискусија којашто е споделена или спроведена на слободен и отворен начин, за да не би била спречена искрената размена на ставови, идеи, анализи и пристапи.*

*Како исклучоци во откривање на информации во оваа категорија се вклучени следните:*

*i. Информации наменети за внатрешно разгледување вклучувајќи студии, извештаи, оценки, меморандуми, анализи и други информации подготвени со цел да го поткрепат интерното донесување на одлуки или информации во врска со ревизорски прашања.*

*ii. Информации поврзани со, или документи одобрени од страна на, Управниот Одбор и Комисиите на Управниот Одбор, невклучувајќи ги агендите и записниците од состаноците на Управниот Одбор, како и документи изречно одобрени за обелоденување од страна на Управниот Одбор.*

*iii. Информации поврзани со Одборот на гувернери и Комисиите на Одборот на гувернери, невклучувајќи ги агендите и збирните евиденции од процедурите од состаноците на Одборот на гувернери, изјавите на гувернерите и одлуките на гувернерите.*

*iv. Информации во врска со расправа, советување и донесување на одлука помеѓу ЕБОР, членовите на ЕБОР и/или донатори или други страни со коишто соработува ЕБОР и каква било друга информација, којашто, доколку откриена, според мислењето на Банката, сериозно би го поткопала политичкиот ангажман и дијалогот со земја-членка.*

*v. Комуникација споделена од страна на или помеѓу членови на Управниот Одбор или Одборот на гувернери, советници и вработен персонал во канцелариите на членовите на Управниот Одбор, членови на управата на ЕБОР, нејзиниот персонал, или нејзините консултанти, правни советници, или агенти.*

*2.2. Финансиски информации и информации дадени во доверба*

*i. Финансиски, комерцијални или сопственички информации, формирани или добиени од Банката во текот на анализата, преговорите, склучувањето, спроведувањето и/или известувањето за или во рамките на која било предложена или постоечка инвестиција овластена во согласност со Член 11 од Договорот за основање на Банката, какво било трезорско работење, која било гаранција во рамките на кој било од објектите на Банката или какво било финансирање во вид на донација или техничка помош, освен ако не е дадена дозвола од засегнатиот субјект /субјекти за објавување на овие информации.Оваа категорија вклучува информации коишто, според мислењето на ЕБОР, би биле штетни за законските финансиски или комерцијални интереси на ЕБОР или договорните страни на ЕБОР, доколку се откријат.*

*ii. Информација во сопственост на Банката којашто не е создадена од Банката и е идентификувана од нејзиниот создавач како чувствителна или доверлива, или кога нејзиниот автор законски побарал ограничување на нејзино објавување.*

*iii. Финансиски, комерцијални или сопственички информации коишто се однесуваат на постапки за набавка, вклучувајќи и пред-квалификациска информација поднесена од потенцијални понудувачи, тендери, предлози или наведување на цени (освен вкупната договорна цена) или записи од процедурите на разгледување.*

*Исклучоците наведени погоре во Дел III, Точка 2.2 (i) до (iii) се однесуваат на било која информација создадена или добиена од страна на Банката во однос на, од или во име на било кој приватен или државен субјект или нивни претставници или било кој надворешен консултант(и) во анализата на кое било работење што го разгледува или финансира Банката или е во преговорите за која било инвестиција, заем или друг вид на работење.*

*Банката не објавува правни документи, вклучувајќи ја и сета договорна документација која што се однесува на Работењето или Дејноста на Банката, или кореспонденција со такво банкарско работење или дејноста, вклучувајќи и документи или информација во однос на преговори помеѓу Банката и нејзините клиенти, донатори, кофинансиери и други договорни страни поврзани со работењето или дејноста на Банката. "* - затворен цитат.

**Повторно особено внимание посочуваме и на фактот дека јавната набавка за реализацијата на овој проект не подлежи на Законот за јавни набавки (ЗЈН), бидејќи како што е уредено во самиот ЗЈН, одредбите на овој закон не се применуваат на проекти финансирани од меѓународна финансиска институција, во конкретниов случај – ЕБОР, а меѓународниот тендер исклучиво се спроведува согласно политиките, правилата и критериумите на ЕБОР.**

Во прилог на ова е член 23, точка 2 од Законот за јавни набавки кој вели, цитираме: *„јавни набавки и конкурси за избор на идејни решенија кои ги спроведува или организира договорниот орган според правилата на меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, кога договорот или конкурсот е целосно финансиран од меѓународната организација или меѓународната финансиска институција. Во случај кога договорот или конкурсот е во поголема мера кофинансиран од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, договорниот орган и организацијата, односно институцијата се договараат кои правила ќе се користат".*

Во оваа прилика, меѓудругото сакаме да потенцираме и на фактот дека Проектот кој е предмет на интерес на Барателот, е дел од Законот за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој. Станува збор за Закон по договор за заем по проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем без државна гаранција" кој е lex specials. Оттаму, со самиот Закон и со подоцна склучениот Договор иматело на информации ги прифаќа правилата на ЕБОР.

Врз основа на горенаведеното, сметаме дека постои основ за примена на член 6, став 1, точка 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а врз основа на точка 2 од Политиката за информации од јавен карактер на ЕБОР.

По однос на член 6, став 1, точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер посочуваме дека секоја Понуда е всушност проект кој по дефиниција значи активност што еднократно се изведува и употребува а за чија подготовка е потребно инкорпорирање на знаење и искуство и вклучување на различни капацитети (интелектуални, материјални, технички..). Понудата на секој

понудувач е уникатна творба со одреден рок и интелектуална сопственост со вредност, а која трета страна (доколку се обелодени) може да ја злоупотреби и да нанесе штета.

Имателот на информации при спроведувањето на Тестот за штетност како и при донесувањето на оваа Одлука го имаше предвид и јавниот интерес односно ценеше дали со објавувањето на бараните информации ќе се предизвика штета на Имателот или на трети лица.

**Доколку дојде до објавување на бараните информации, сметаме дека АД МЕПСО како Имател на информации би постапил спротивно на политиките на ЕБОР (а кои согласно Закон е обврзан да ги почитува) што би можело да доведе до евентуално раскинување на Договорот, плаќање на пенали кон Банката, можни судски постапки со Банката и со Понудувачите, како и до прекин на реализација на проектот кој е од јавен интерес, стратешки проект согласно Законот за стратешки инвестиции и е од значење за целиот електроенергетски систем на државата.**

**Во согласност со сето погоре наведено и приложено, Имателот смета дека со објавување на бараната информација, последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со Закон и поради тоа одлучи да го одбие пристапот до бараните информации.**

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје при донесување на ова Решение ги имаше во предвид и постапуваше согласно укажувањата содржани во Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08-24 од 17.02.2022 година.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Orhan Murtezani**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Кабинет на ГД
- Архива

МЕПСО
Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-3128
17.05.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**ДО**

**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**
**бул. "Гоце Делчев" бр.18**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Известување
**ВРСКА:** Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-24 од 15.04.2022 година

Почитувани,

Ве известуваме дека постапувајќи согласно насоките од Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-24 од 15.04.2022 година, Имателот на информации од јавен карактер на Барателот му овозможи увид во делот на барањето за кое Агенцијата го уважи барањето на УНИС ТЕЛЕКОМ АД Мостар, преку полномошник адвокат Филип Јакимовски од Скопје. Увидот беше закажан на 04.05.2022 год. (среда) почнувајќи од 11:00 до 12:00 часот, во Дирекцијата на АД МЕПСО во Скопје.

Терминот на закажаниот увид беше потврден од страна на полномошникот на барателот, адвокат Филип Јакимовски по писмен пат, по електронска комуникација и беше доставена листа со имиња и презимиња на лицата кои ќе присуствуваат на увидот.

На ден 04.05.2022 година, во период кој беше утврден за увид во бараните документи, во Дирекцијата на АД МЕПСО не се појави ниту еден претставник на Барателот, ниту пак беше барано одложување на истиот.

Со овој допис Ве информираме дека Имателот на информациите (АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје) во целост постапи согласно задолженијата од Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-24 од 15.04.2022 година.

**ПРИЛОГ:** Службена белешка за закажан увид

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Orhan Murtezani**

Службени лица за посредување со ИЈК
Андреј Јосифовски
Виолета Зајкова Стојановска

Д-но:

- Кабинет на Генерален директор
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**
**за закажан увид**

Постапувајќи согласно насоките од Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-24 од 15.04.2022 година, Имателот на информации од јавен карактер овозможи увид во делот на барањето на УНИС Телеком АД Мостар, кое беше уважено од страна на Агенцијата и тоа на 04.05.2022 год. (среда) почнувајќи од 11:00 до 12:00 часот.

Терминот на закажаниот увид беше потврден од страна на полномошникот на барателот адвокат Филип Јакимовски по писмен пат по електронска комуникација и беше доставена листа со имиња и презимиња на лицата кои ќе присуствуваат на увидот. Увидот требаше да се одржи во Дирекцијата на Имателот (АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје), на 4-ти кат, на ден 04.05.2022 година.

На Барателот, за увид му беше подготвена следната документација:

1. Материјали од оддржани состаноци/презентации и предложени решенија на вендорите:

- ABB
- ADVA
- CISCO
- ECI-Ribbon
- Fujitsu
- Huawei
- Infinera
- Nokia
- Sensor

2. Материјали од електропреносни оператори со понапредна мрежа од АД МЕПСО пред објавување на тендерот:

- OST
- ELES
- LATVENGRO

**На ден 04.05.2022 година, во период кој беше утврден за увид во бараните документи, на закажаниот термин од 11:00 до 12:00 часот не се појави ниту еден претставник на Барателот, ниту пак беше барано одложување на истиот.**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски